# актуелни тенденции
# во хрватското сликарство
# од 1975 до денес

музеј на современата уметност — скопје

јануари — февруари, 1985

# актуелни тенденции
# во хрватското сликарство
# од 1975 до денес

музеј на современата уметност — скопје

јануари — февруари, 1985

# АКТУЕЛНИ ТЕНДЕНЦИИ ВО ХРВАТСКОТО СЛИКАРСТВО

(од 1975 до денес)

Најактуелните и највитални појави во хрватското сликарство во периодот од 1975 до денес можно е да се претставаат со поголем број автори ако се групираат според проблематиката на нивните дела и ликовниот израз во појави на „примарното" сликарство и различните варијанти на „нова слика" со што истите автори би се појавувале и во едната и во другата група. Претпоставувајќи дека на македонската средина не и се познати поблиску делата на нашите помлади уметници (последната поголема изложба на хрватското сликарство во Македонија беше изложбата „100 дела на хрватската уметност" 1974) презентирањето на тие видови уметничко изразување би можело да изгледа како бледо имитирање на појавите што се случуваат во Европа или пак нешто многу слично со појавите во Македонија. За да би се согледала смислата на одредени уметнички остварувања избрани се деветмина, според наше мислење мошне јаки и издиференцирани личности, кои во последниве десетина години активно дејствуваат во нашата средина: БОРИС ДЕМУР, ГОРАН ПЕТЕРЦОЛ, ЕДИТА ШУБЕРТ, ЗВЈЕЗДАНА ФИО, НИНА ИВАНЧИЌ, ДАМИР СОКИЌ, ДУШАН МИНОВСКИ, ЖЕЉКО КИПКЕ И МИЛИВОЈ БИЕЛИЌ. Воедно, овие уметници со своите дела преставуваат и различни начини на ликовно мислење и изразување карактеристични за периодот од 1975 до денес.

За средината на предходната деценија (1976/77) карактеристично е влијанието на концептуалната уметност врз сликарството, што се манифестираше како еден специфично рационален и аналитички однос кон медиумот на сликарството: кон мотеријалните аспекти на сликата, сликарските инструменти, постапките при создавањето на сликата, во афирмацијата на сопствената дисциплина и автономија, во избегнувањето на симболи, метафори, избегнување на каква и да е надградба како и субјективен и експресивен набој на сликата. Најконсеквентен помеѓу нашите сликари беше Борис Демур, извесно време тоа беа и Антун Марачиќ, Жељко Кипке, Маријан Молнар, а близок им е Горан Петерцол.

Во почетокот на осумдесеттите години помладата генерација понесена со новите движења во сликарството („bad painting", „pattern painting", „трансавангарда", „нов експресионизам"...) необѕирнувајќи се на вредностите на традицијата, културата и уметноста, почна да слика со „ослободен" јазик не почитувајќи ги стилските и формалните ограничувања, служејќи се истовремено и со фигурацијата и со апстракцијата. Со симболичен и метафизички јазик, јазик понекогаш преземен од уметноста на минатото, ги искажуваше своите ставови и своите субјективни содржини, своите „лични митологии". Атмосферата во која „се е можно" ги стимулираше младите уметници, а особено оние кои во тоа време завршуваа Академија, така што во нашата средина се јавија редица интересни уметници: Нела Барешиќ, Бреда Бебан, Миливој Бијелиќ, Марина Ерцеговиќ, Звијздана Фио, Нина Иванчиќ, Далибор Јалавиќ, Жељко Кипке, Мирна Крешиќ, Душан Миновски, Дубравка Ракоци, Игор Рончевиќ, Звонимир Сантрач, Едита Шуберт, Дамир Сокиќ, Ања Шевчик, Бранка Узур, Златан Вркљан и други.

БОРИС ДЕМУР, по кусиот период на занимавање со различни медиуми, фотографија, акција, филм, видео и посебно со текст, 1976 се сврте кон сликарството со искуства, меѓу кои тавтологијата имаше нагласено значење. Така произлегоа серии слики со бела боја, со еднолични, неекспресивни потези на четката, слики со јасна логична структура каде што секој елемент, бојата /материјал, потегот со четката/ средство, нанесувањето на бојата/ постапка итн. ја изразуваа „вистината" на телото на сликата.

Истата строга постапка на испитувањето и анализата на елементите на сликарството сега е применета на еден единствен знак — сликата. Сликите „Спирала бр. 12100", „Жолта спирала", „Спирала бр. 167" со кои е претставен овде, се исечок, слободно може да кажеме, од многу педантно разработениот систем што брои околу две илјади проекти со кои Демур ја истражува можноста на знакот и појмот на спиралата.

Редица сериозни, едноставни и строги дела на ГОРАН ПЕТЕРЦОЛ од „Пресликувањата" од 1975, „Сивите слики, „Пакпапирите", „Мерењата", „Стилизациите", „Полихромиите" до делата „Под прав агол" од 1984, исто така покажуваат блискост со „анализата на сликарството".

Во „Пресликувањата" Петерцол внимателно ги пресликува автоматски настанатите дамки и добива форми, понекогаш многу слоевити. Пресликувајќи го на тој начин гестот, еден моментен импулс, тој му ја одзема вредноста и смислата. Пресликувањето така станува негирање на вистинскиот автентичен чин. Во „Стилизциите" што ги работи на големи формати или ги изведува во простор, слободната органска форма ја „поправа" заградувајќи ја со рамни линии, додека во делата „Под прав агол" со координантен систем и со систем на знаци ја „доведува во ред" слободната органска форма создадена според законот на случајноста.

И овие дела, во голем дел, се условени од материјалните и процесуалните карактеристики на сликарството, меѓутоа, карактеристиката што сакаме да се нагласи со изборот на овие дела е значајна за творештвото на Петерцол: нивелирање и поништување на спротивните категории во сликарството, половите на рационалното и ирационалното, редот и нередот, случајот, случајот и планот.

ЕДИТА ШУБЕРТ е уметник поврзан на друг начин со искуството на седумдесеттите, кои не се искуства на аналитичката, концептуалната уметност. Во нејзините објекти и инсталации забележуваме афинитет кон природните и „сиромашните" материјали (песок, трева, прачки, кожа...) и антрополошка имагинација". Инсталациите: круг од песок заобиколен со ружини гранки, на ист начин заобиколен нагорен јаглен; прачки затворени во квадрат од прачки, стапови во вид на лакови, стрели и стапови на воини што излегуваат како акцесорија за некој примитивен ритуал или примитивна борба. Сликите што настанаа потоа ја задржаа таквата имагинација и до големите неправилни полиња на сликите се наоѓаа дрвени копја затворајќи ја така целината во амбиент. И сликите „Пливач", „Зелена и сина" се големи и неправилни форми слични на риби и чунови со црна подлога од битумен (потсетувам на органското потекло на материјалот) исполнети со биоморфни, зооморфни и геометриски форми, со куси испрекинати линии од маслен пастел, претставуваат многу квалитетна разработка, сега исклучиво во домен на сликарството, на еден свет богат со митски и егзотични асоцијации.

ЗВЕЗДАНА ФИО на Академијата и непосредно по студиите изгради еден начин на сликарско мислење во кој деталјот има одлучувачко значење. Поаѓајќи од мотиви со битно намален регистер кој се повторува: автопортрет, мртва природа, ателје (кој слика, што слика и зошто слика) и пристапувајќи му со одредена метода, дефинитивно разработувајќи го деталјот пред да премине на друг детаљ, таа гради слика преполна со растворени форми, немирни површини и куси потези, каде што нагласената декоративност и интензивност на секој сантиметар на сликата е израз на нејзиниот метод на работа.

Може да се забележи дека Звездана Фио ги зафаќа и стиловите на минатото, дека ги користи искуствата на кубизмот, надреализмот; на Миро, раниот Полок, така што тој дијалог со минатото, тој постмодернистички еклектицизам можеме да го посматраме како уште една тематска и изразна појдовна точка околу која го гради своето сликарство, својата уметност.

Светот на сликите на НИНА ИВАНЧИЌ е субјективен и херметичен. Тоа е сензуално и виталистичко сликарство што непрестајно се движи на работ на апстракцијата и фигурацијата, на препознатливоста на формата и изврвувањето на навестеното, помеѓу дводимензионалното и тродимензионалното третирање на просторот на сликата. Чудни растенија, школки, карпи... се во постојана метаморфоза и движење, пулсираат површините и потезите со богати хроматски нијанси а бојата го нагласува сјајот на маслото. Тоа е сликарство на „изобилство" во кое Нина Иванчиќ супериорно владее предводена од имагинацијата, алузивно и софистицирано сликарство што шири атмосфера на приказна во која се чувствува мистиката на доброто и злото, на убавото и застрашувачкото.

Кога ДАМИР СОКИЌ се јави со своите први изложби во нашата средина неговото творештво го карактеризираше редуциран обликовен говор, интерес за строги структури на готови унифицирани форми (вреќички од хартија, лакиран лесонит...). Постапно материјалот добиваше сѐ поголемо значење, интересот за очигледноста на идејата и елементарноста на визуелниот ефект се губи во свесното внесување на илузионизам каде што истата композициска честичка сега се исликува за да постигне впечаток на мермерна плоча. Неговите слики, скулптури и инсталации стануваат метафорични и алузивни, во нив сретнуваме неколку временски текови. Сокиќ кој има рафинирано чувство за одредени сегменти на културното наследство во вид на „цитати" го отвора своето дело кон различни, сложени толкувања. Во сликата „Вториот лет на супрематијата" правоаголните полиња трепераат во горниот дел на кадрот и преку блескавите, експресивни потези ја рефлектираат светлината. Се води дијалог со супрематичките композиции на Маљевич и се интерпретира со еден сосема друг јазик. Во сликите „Варварите изградуваа град", „Парапанисад" и други, тешките монументални форми, јасните контури на телото и разбрануваните потези на светлината (енергијата) и темните бои делуваат на нашите чула како некои предупредувања што надоаѓаат во вид на тежина или експлозија.

Сликите со кои ЖЕЉКО КИПКЕ се претставува на оваа изложба: „Janua coeli", „Пустина", „Двојник"... се карактеризираат со силна енергија и жестокост што не е честа во нашето сликарство.

Во сликата „Мрежата на Парацелсус" во недефинираниот простор на модрите и бели површини, во неправилни геометриски тела се сместени портретот на Парцелсус, ротулус, човечки раце поврзани во

хибридно тело, латински зборови извадени од неговиот ракопис. Симболите и знаковите создаваат склоп што ја наговестува нарацијата и истовремено ја изигрува. Кипке не дозволува отчитување на знаковните слоеви и токму таа недореченост, таа скриена смисла што Кипке им ја дава на елементите и знаковите со динамичните обоени површини и гестуални потези одблескува со енергија.

Во средината на судумдесеттите Кипке на одреден начин го анализираше сликарството како медиум така што минувајќи го патот од рационалното, аналитичкото и појмовното толкување на уметноста кон симболичкото, експресивното и нагласено субјективното конципирање на сликата помина низ мошне драматична катарза, пишувајќи за уметноста и пресметнувајќи се со вредностите што мораше да ги уништи, за да се впушти во „авантурата" на сликарството која го обзеде целото негово битие. Еуфоријата и покачената температура резултираше со голема и значајна продукција на слики и текстови, со кои како со паралелна активност го истражува сликарството.

Сликите на ДУШАН МИНОВСКИ создадени во почетокот на осумдесеттите ги карактеризира сосема одредена тематика, која е, без оглед на различните сликарски изразувања, константно присутна. Секогаш се работи за слики со мал формат од дваесет, триесет сантиметри. На нив во почетокот гледаме експресивни карикатурални ликови кои наместо глава можат да имаат облак низ кој навлегува куршум или триаголник со „око што сè гледа", крстови, темни неба, карпи со крвави врвови. На сликите се дебели пасти боја кои како згрутчена крв ги обработуваат раните, на нив се налепени клинчиња и жилети, напишани зборови како крв, зло ... Постапно се губи наративноста и фигурата, во сликата внесува сè повеќе знаци, нејзината дводимензионалност е сè поизразена, бојата е почиста (црвена-крв, модра-темна, небо ...) и со насловите, што се секогаш многу важни, создаден е силен евокативен организам, во кој со иронија и со некое саморазорно задоволство се афирмира злото. Последните слики на Душан Миновски внесуваат елемент на локална традиција тие изгледаат како сегмент на орнаментални шари на килими каде што стилзираните луѓе симетрично поставени во дводимензионален (орнаментален) простор на сликата прават склоп чие значење се чита заедно со насловите како што се „Крв горе, крв доле, небо во средина", „Бело во глава, крвави раце" ... поврзувајќи ги така елементите на фолклорноста и мистичноста на минатото со насилството, агресивноста и мистиката на денешнината.

Можеби единствено кај МИЛИВОЈ БИЕЛИЌ можеме да ја препознаеме поврзаноста на сликарството, новата музика, однесувањето, вкусот, модата на младите, да го почувствуваме поттикот што доаѓа не од подрачјето на уметноста, туку од средината во која живее (Дизелдорф). Биелиќ ги извртува „вредностите" на планот на содржината и ликовната интерпретација. Непретенциозноста, баналноста на содржината ја нагласува со сентиментални и тривијални наслови „Умрена но сеуште сака", „Оваа година падна полно снег" ... Цртежот е немарен и „грд", понекогаш преземен од стрипот, просторот рамен и до максимум исполнет со куси потези, дамки или декоративни елементи, со шари од спреј (со техника преземена од сликарството на графитите); боите сурови и без сјај. Заситената површина ја открива непосредноста на дејствувањето, таа е агресивна и грда. Свесната наклонетост кон „лошото" сликање, поигрувањето со сликарството на минатото, непредвидливоса на секој натамошен чекор, открива една нова сензуалност, лежерност и иронична дистанца.

Во осврtот на актуелните тенденции во хрватското сликарство во периодот од 1975 до денес (нагласувам сликарството — бидејќи живата уметничка активност во овој период исто така е поврзана и со другите медиуми-текстот, фотографијата, видеото, перформансите, скулптурата, плакатот ...) можеме да забележиме различни поаѓалишта, искуства и различни поетики, поради што феноменот на ова сликарство останува отворен, и покрај тоа што личностите на уметниците можат многу јасно да се препознаат и издвојат.

Бранка Стипанчиќ

## МИЛИВОЈ БИЕЛИЌ

Роден 1951 во Загреб. Академија за ликовни уметности завршил во Загреб 1977 во класата на проф. Ш. Периќ и постдипломски студии во Антверпен 1978.
Од 1978 до 1980 година е соработник во Мајсторската работилница на Љубо Иванчиќ и Никола Раизер.
Живее и работи во Загреб, Držićeva 85a и Дизелдор, Galerie Eva Keppel, Hermannstr. 32.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1977 — Загреб, Galerija Nova (со А. Рашиќ и Д. Сокиќ)
1978 — Загреб, Galerija Nova (со Guy Mess)
1979 — Белград, Salon Muzeja savremene umetnosti со А. Рашиќ и Д. Сокиќ)
1980 — Загреб, Galerija Nova
1983 — Тибинген, Studio D
1984 — Загреб, Galerija Suvremene umjetnosti

АКЦИИ:

1981 — Дубровник, Летен фестивал

СПИСОК НА ДЕЛА:

1. Валкана ѕвезда, 1984
   фасадна боја, платно, 178 x 183 см

2. Среќен хаос, 1984
   фасадна боја, платно, 191 x 251 см

3. Fair Play, 1983
   фасадна боја, платно 174 x 119 см

4. Умрена но сеуште сака, 1983
   фасадна боја, платно, 180 x 205 см

5. Оваа година падна многу снег, 1983
   фасадна боја, платно, 255 x 195 см



3

БОРИС ДЕМУР

Роден 1951 во Загреб. Академија за ликовни уметности завршил 1975 во Загреб во класата на проф. Р. Голдони и графика 1977 во класата на проф. А. Кинерт. Од 1975 до 1978 соработува во Мајсторската работилница на Љубо Иванчиќ.
Живее и работи во Загреб, Preradovićeva 37.

Самостојни изложби:

1977 — Загреб, Galerija Nova
Белград, Галерија студенског културног центра
1978 — Загреб, Galerija studenskog centra
Загреб, RZU Podrum (Можности за уметничко дејствување)
1979 — Загреб, RZU Podrum (Потик за јавно проблематизирање на индивидуалното творештво, јазик и материјал)
1982 — Загреб, Prostor proširenih medija
1984 — Загреб, Galerija Studentskog centra (со Г. Петерцол и Д. Ракоци)
Сараево, Klub izložbenog paviljona Collegium artisticum
Загреб, Galerija Studentskog kulturnog centra (со В. Матек)

Список на дела:

1. А. 45 потези, 1976
акрил/кафена лепенка, 69 x 99 см
Б. 44 потези, 1976
Пор. 4624 НИЗАМ

акрил/кафена лепенка, 69 x 100

2. А. Сликано на искосена површина, 1978
акрил/сива лепенка, 70 x 100 см

3. Спирала бр. 2558, 1984
акрил на платно, 200 x 134 см

4. Жолта и сина спирала, диптих, 1984
акрил на платно, 194 x 227 см

5. Спирала бр. 2559, (црвен квадрат на црвена спирала), 1984
акрил на платно, 214 x 158 см



1

## НИНА ИВАНЧИЌ

Родена 1953 во Загреб. Академија за ликовни уметности завршила во Загреб 1977 во класата на проф. Ш. Периќ.
Од 1977 до 1979 сорабоува во Мајсторската работилница на Љубо Иванчиќ и Никола Раизер.
Живее и работи во Загреб, Proleterski brigadi 35a.

Самостојни изложби:

1979 — Загреб, Galerija Vladimir Nazor
1980 — Загреб, Galerija Nova
1981 — Ровињ, Zavičajni muzej
Копер, Galerija Meduza
1982 — Загреб, Studio Galerije suvremene umjetnosti
1983 — Белград, Салон Музеја савремене уметности (со Е. Шуберт)
1984 — Осиек, Galerija umjetnina
Копер, Galerija Loža

Список на дела:

1. Чувар на врвовите, 1984
масло на платно, 155 x 190 см

2. Сиви карпи, 1983
масло на платно, 130 x 160 см

3. Крал Оскар, 1984
масло на платно, 160 x 130 см

4. Мртво море, 1983
масло на платно, 130 x 160 см

5. Без наслов, 1984
масло на платно, 155 x 190 см

6. Без наслов, 1984
масло на платно, 150 x 190 см



## ЖЕЉКО КИПКЕ

Роден 1953 во Чаковец. Академија за ликовни уметности завршил 1976 во Загреб. Од 1976 до 1980 соработува во Мајсторската работилница на Љубо Иванчиќ. Од 1982 објавува теориски трудови.
Живее и работи во Загреб, Klaićeva 11a.

Самостојни изложби:

1976 — Загреб, Галерија Vladimir Nazor
1979 — Загреб, RZU Podrum
Загреб — Galerija Nova
1980 — Загреб, Galerija Studentskog centra
1983 — Загреб, Studio Galerije suvremene umjetnosti
1984 — Загреб, Prostor proširenih medija (Пци на подземјето)

Акции:

1980 — Загреб, Izlog Studentskog centra
1981 — Загреб, Штанд на Антикнижарницата на Прерадовиќевиот плоштад
Белград, Аула на Студентскиот културен центар
1982 — Загреб, Плоштад на О. Кершовани (Голема бела спирала)
1983 — Загреб, Jaryn (Повикување на дождот)
Загреб, Jarun (Тонзура на крст)
1984 — Загреб, Jarun (Уградување во црн квадрат)

Список на дела:

1. Мрежата на парацелсус, 1984
масло на платно, 201 x 300 см

2. Повик на фешта, 1984
масло на платно, 204 x 309 см

3. Janua Coeli, 1984
масло на платно, 193 x 236 см

4. Двојник, 1984
масло на платно, 209 x 230 см

5. Пустина, 1984
масло на платно, 217 x 284 см



ДУШАН МИНОВСКИ

Роден 1953 во елград. Академија за ликовни уметности завршил 1978 во Загреб во класата на професор Р. Голдони.
Живее и работи во Загреб, Proleterski brigadi 62b, и во Виена.

Самостојни изложби:

1983 — Загреб, Galerija Vladimilr Nazor
Загреб, Galerija Nova
1984 — Виена, Galeria Ariadna

Список на дела:

1. Жените го допираат небото, 1984
масло на платно, 25 x 25 см

2. Глава, 1984
масло на платно, 30 x 25 см

3. Бело во главата, крвави раце, 1984
масло на платно, 25 x 25 см

4. Ние го носиме вашиот товар, 1984
масло на платно, 25 x 25 см

5. Семето е во мене, 1984
масло на платно, 25 x 30 см

6. Таа е родена во мојата глава, 1984
масло на платно, 35 x 30 см

7. Крв!, 1981
масло на платно, 25 x 30 см

8. Крв!, 1982
масло на платно, 25 x 30 см



## ГОРАН ПЕТЕРЦОЛ

Роден 1949 во Пула. Академија за ликовни уметности заврршил во Загреб 1975. во класата на проф. Р. Голдони. Од 1976 до 1978 соработува во мајсторската работилница на Љубо Иванчиќ.
Живее и работи во Загреб, Ogrizovićeva 22a.

Самостојни изложби:

1977 — Ровињ, Zavjčajni muzej
1978 — Загреб, Galerija Nova
Загреб, RZU Podrum
1979 — Загреб, RZU Pgdrum
1980 — Загреб, RZU Podrum
1981 — Загреб, Prostor proşirenih medija (Полихромии)
1982 — Загреб, Galerija studentskog kulturnog centra (со Г. Ѓорѓевиќ)
1984 — Загреб, Galerija studentskog kulturnog centra (со Б. Демур и Д. Ракоци)
Загреб, Studio Galerije suvremene umjetnosti

Акции:

1977 — Ровињ, Punta corrente
1978 — Загреб, Izlog MM, Студентски центар
— Загреб, Хендзлова улица
Белград, Студентски културни центар
1979 — Загреб, Studentski centar

Список на дела:

1. Пресликувања, 1975/76
туш на хартија, 32 x (14,5 x 20,5 см);
48 предлози за цртежи,
туш на хартија, текст

2. Стилизација, 1984
акрилик на платно, 146 x 142 см

3. Стилизација, 1984
акрилик на платно, 146 x 142 см

4. Под прав агол, 1984
молив и туш на хартија, 71,5 x 100,5 см

5. Под прав агол, 1984
молив и туш на хартија, 71,5 x 100,5



2

## ДАМИР СОКИЌ

Роден 1952 во Нова Градишка. Академија за ликовни уметности завршил во Загреб 1979 во класата на проф. Н. Раизер.
Од 1977 до 1979 соработува во Мајсторската работилница на Љ. Иванчиќ и Н. Раизер.
Живее и работи во Загреб, Proletarskih brigada 35a.

Самостојни изложби:

1976 — Славонски Брод, Muzej Brodarskoo posavlja (со М. Бијелиќ и А. Рашиќ)
1977 — Загреб, Galerija Nova (со М. Биелиќ и А Рашиќ)
1978 — Загреб, Galerija Nova
1979 — Белград, Салон Музеја савремене уметности (со М. Биелиќ и А. Рашиќ)
1980 — Загреб, Galerija Nova
1981 — Осиек, Galerija Studentskog centra
1983 — Загреб, Galerija suvremene umjetnosti
1984 — Загреб, Prostor proširenih medija

Список на дела:

1. Аурора во огледало, 1984
   масло на платно, 190 x 155 см

2. Варварите изградуваат град, 1984
   масло на платно, 190 x 155 см

3. Втор лет на супремација, 1984
   масло на платно, 190 x 155 см

4. Парапанисад, 1984
   масло на платно, 190 x 155 см

5. Две топки, две очи, 1984
   масло на платно, 190 x 155 см



ЗВЈЕЗДАНА ФИО

Родена 1954 во Загреб. Академија за ликовни уметности завршила во Загреб 1978 во класата на проф. Р. Голдони.
Живее и работи во Загреб, Proleterskih brigada 62b, и Виена.

Самостојни изложби:

1979 — Загреб, Galerija Mladost
1980 — Загреб, Galerija Vladimir Nazor
1981 — Хвар, Palmižana, Galerija Škorpion
1982 — Копер, Galerija Meduza
1983 — Загреб, Studio Galerije Forum
1984 — Виена, Galerie Ariadna
Дубровник, Galerija Sebastijan
Загреб, Galerija suvremene umjetnosti

Список на дела:

1. Црвено ателје, 1981
креда и пастел на хартија, 100 x 70 см

2. Жолто ателје, 1981
креда и молив во боја на харија, 100 x 92 см

3. Мртва природа, 1981
колаж, темпера и молив во боја на хартија, 124 x 111 см

4. Мртва природа, 1981
масло на платно, 140 x 120

5. Транзистор што свири, 1981
масло на платно, 127 x 176 см

3



ЕДИТА ШУБЕРТ

Родена 1947 во Вировитица, Академија за ликовни уметности завршила 1971 во Загреб.
Живее и работи во Загреб, Gajdekova 26

Самостојни изложби:

1978 — Загреб, Galerija Vladimir Nazor
Загреб, Galerija studentskog centra
1980 — Загреб, Studio Galerije suvremene umjetnosti
1982 — Загреб, Galerija Nova
1983 — Белград, Salon Muzeja savremene umetnosti
1984 — Загреб, Galerija suvremene umjetnosti

Акции:

1981 — Дубровник, Летен фестивал

Список на дела:

1. Автопортрет, 1981
битумен и лак на хартија, 110 x 260 см

2. Пливач, 1981
комбинирана техника на хартија, 85 x 200 см

3. Зелена и сина, 1983
восочен пастел и битумен на хартија, 98 x 310 см

4. Крин, 1983
восочен пастел и битумен на хартија, 120 x 181 см

5. Лице, 1983
восочен пастел и битумен на хартија, 130 x 210 см

6. Пливач, 1981
комбинирана техника, 200 x 85 см





3

издавач: музеј на современата уметност — скопје
одговорен уредник: соња абаџиева димитрова
сганизација на изложбата; мсу, скопје и галерије града загреба, загреб
предговор: бранка стипанчиќ
ликовно обликување на каталогот: стефан георгиевски.
печат: графички завод „гоце делчев“
тираж: 400